Macedonian | Македонски

# **Подгответе се за поплава**

## Знајте ги **предупредувањата**

Гледајте и слушајте за предупредувања за поплави и временски услови од **SES на Нов Јужен Велс** и од **метеоролошкото биро.**



Следете ги природните знаци за поплави, вклучувајќи обилни врнежи од дожд, брзи води или насобрана вода.



Дејствувајте навреме. Може нема да добиете предупредување од **SES на Нов Јужен Велс**.

**SES на Нов Јужен Велс** ќе издаде **совет „Гледајте и дејствувајте“** или **предупредување за вонредни ситуации.** Нивото на предупредување зависи од влијанието на поплавата и очекуваните последици.

## Придржувајте се на вашиот **план за вонредни ситуации**

Придржувајте се на плановите за вонредни ситуации за вашиот дом, бизнис и имот. Придржувајте се на вашиот план за сите луѓе и животни за кои водите грижа.

Подгответе го вашиот комплет за вонредни ситуации во случај да треба да заминете.



Во ситуации опасни по живот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES

Macedonian | Македонски

# **Подгответе се за поплава**

## Подгответе се да **заминете**

Најдете безбеден пат за заминување користејќи ја апликацијата **„Live Traffic“**.

Спакувајте ги последните важни предмети во комплетот за вонредни ситуации, на пример:

- Добра количина на потребни лекови.
- Сите специфични предмети и материјали за бебиња, лица со попреченост, изнемоштени и постари лица.
- Соодветна облека и обувки.
- Свежа храна и вода за пиење.







## Пред да **заминете**

Исклучете ги гасот, струјата и водата пред да тргнете.

Земете го вашиот комплет за вонредни ситуации.



Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES